МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 10 став 6 од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/05, 81/08, 20/09 и 57/10), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА МЕРКИТЕ И НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ ЗА УНИШТУВАЊЕ ИЛИ ОТСТРАНУВАЊЕ НА ШТЕТНИТЕ ОРГАНИЗМИ И МЕРКИТЕ И НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДЕЗИНФЕКЦИЈА, ДЕЗИНСЕКЦИЈА ИЛИ ДЕРАТИЗАЦИЈА НА ШТЕТНИТЕ ОРГАНИЗМИ *

* Со овој правилник се врши усогласување со одредбите на Директивата на Советот бр. 2000/29/ЕЗ од 8 мај 2000 година за заштитните мерки против воведување во Заедницата на организми штетни за растенијата или растителните производи и против нивното ширење во Заедницата, број 32000L0029; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2001/33/ЕЗ од 8 мај 2001 година, број 32001L0033; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2002/28/ЕЗ од 19 март 2002 година, број 32002L0028; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2002/36/ЕЗ на 29 април 2002 година, број 32002L0036; измене- та и дополнета со Директивата на Советот бр.2002/89/ЕЗ од 28 ноември 2002 година, број 32002L0089; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2003/22/ЕЗ од 24 март 2003 година, број 32003L0022; изменета и дополнета со Регулативата на Советот бр.806/2003(ЕЗ) од 14 април 2003 година, број 32003R0806; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2003/47/ЕЗ на 4 јуни 2003 година, број 32003L0047; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2003/116/ЕЗ од 4 декември 2003 година, број 32003L0116; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2004/31/ЕЗ од 17 март 2004 година, број 32004L0031; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2004/70/ЕЗ од 28 април 2004 година, број 32004L0070; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр. 2004/102/ЕЗ на 5 октомври 2004 година, број 32004L0102; изменета и дополнета со Директивата на Советот бр. 2005/15/ЕЗ од 28 февруари 2005 година, број 32005L0015;изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2005/16/ЕЗ на 2 март 2005 година, број 32005L0016; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2005/77/ЕЗ од 11 ноември 2005 година, број 32005L0077; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2006/14/ЕЗ од 6 февруари 2006 година, број 32006L0014; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2006/35/ЕЗ од 24 март 2006 година, број 32006L0035; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр. 2007/41/ЕЗ од 28 јуни 2007 година, број 32007L0041; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.

2008/64/ЕЗ од 27 јуни 2008 година, број 32008L0064; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата 2008/109/ЕЗ од 28 ноември 2008 година, број 32008L0109; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр. 2009/7/ЕЗ на 10 февруари 2009 година, број 32009L0007; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2009/118/ЕЗ на 9 септември 2009 година, број 32009L0118; изменета и дополнета со Директивата на Советот бр.2009/143/ЕЗ од 26 ноември 2009 година, број 32009L0143; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2010/1/ЕУ од 8 јануари 2010 година, број 32010L0001; Директивата на Советот бр.2006/91/ЕЗ од 7 ноември 2006 година за сузбивање на Quadraspidiotus perniciosus Comst., број 32006L0091; Директива на Советот бр.74/647/ЕЗ од 9 декември 1974 година за сузбивање на каранфиловите лисни свиткувачи, број 31974L0647.

**Член 1**

Со овој правилник се пропишуваат мерките и начинот на спроведување на мерките за уништување или отстранување на штетните организми и мерките и начинот на спроведување во објектите за сместување, преработка и чување на растенија и превозни средства со кои се превезуваат растенијата во кои е утврдено присуство на штетни организми, растенија, растителни производи и други објекти и предмети за кои терба да се изврши дезинфекција, дезинсекција или дератизација заради нивно уништување.

**Член 2**

Поимите употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1. Пратка или дел од пратка (во натамошен текст: пратка) е количество на растенија, растителни производи и други објекти и предмети која ја придружува еден фитосанитарен сертификат или друг пропишан еквивалентен документ или ознака. Пратката се состои од една или повеќе партии и

2. Партија е број на единици од растенија, растителни производи и други објекти и предмети која може да се идентификува според еднообразноста на својот состав и според своето потекло и претставува дел од пратката.

**Член 3**

Заради спречување на внесување и ширење на штетни организми на растенијата, растителните производи и други објекти и предмети, на територијата на Република Македонија се преземаат следните мерки:

- забрана за внесување и ширење на штетните организми од Листата I дел А;

- забрана за внесување и ширење на штетните организми од Листата II дел А ако се присутни на одредени растенија и растителни производи;

- забрана за внесување на растенијата и растителните производи од Листата III дел А кои потекнуваат од одредени држави наведени во листата;

- забрана за внесување и движење на растенија, растителни производи и други објекти и предмети од Листата IV дел А, ако не се исполнети посебни барања наведени во оваа листа;

- задолжителна фитосанитарна инспекција на место на производство пред движење на растенија, растителни производи и други објекти и предмети од Листата V дел А секција 1, кои мора да бидат придружени со пасош за растенија;

- задолжителна фитосанитарна инспекција на местото на влез во Република Македонија за растенија, растителни производи и други објекти и предмети од Листата V дел Б секција 1, кои потекнуваат од трети земји и кои мора да бидат придружени со фитосанитарен сертификат или друг пропишан еквивалентен документ или ознака;

- можна примена на посебните мерки во согласност со Законот за здравјето на растенијата (во натамошнен текст: Закон), кои Фитосанитарната управата ги одредува против штетните организми кои ги напаѓаат складираните растенија и растителни производи од Листата VI.

**Член 4**

Заради спречување на внесување и ширење на штетни организми на растенија, растителни производи и други објекти и предмети во заштитените зони во Република Македонија се превземат следните мерки:

- забрана за внесување и ширење на штетни организми од Листата I дел Б;

- забрана за внесување и ширење на штетни организми од Листата II дел Б, ако се присутни на одредени растенија и растителни производи;

- забрана за внесување на растенија и растителни производи од Листата III дел Б;

- забрана за внесување на растенија, растителни производи и други објекти и предмети од Листата IV дел Б, ако не се исполнети посебните барања наведени во оваа листа;

- задолжителна фитосанитарна инспекција на место на производство пред движењето на растенија, растителните производи и други објекти и предмети од Листата V дел А секција 2, кои потекнуваат од Република Македонија и мора да бидат придружени со пасош за растенија важечки за одредената заштитена зона;

- задолжителна фитосанитарна инспекција на место на влез во Република Македонија за растенија, растителни производи и други објекти и предмети од Листата V дел Б секција 2, кои потекнуваат од трети земји и кои мора да бидат придружени со фитосанитарен сертификат или друг пропишан еквивалентен документ или ознака.

**Член 5**

(1) Покрај исполнување на фитосанитарните барања од Листата IV дел А се забранува внесување и пуштање во промет на растенија од родот Dianthus L. ако се заразени со каранфиловите свиткувачи Cacoecimorpha pronubana Hb. и Epichoristodes acerbella (Walk.) Diak., освен во случај ако растенијата биле третирани против нив.

(2) По исклучок од став (1) на овој член, за режано каранфилово цвеќе кое е слабо заразено со каранфилови свиткувачи, може да се внесува и пушта во промет во временски период од 16 октомври до 30 април.

(3) Покрај исполнување на фитосанитарните барања од Листа IV. Дел А секција 2, растенијата наменети за садење од родовите: Acer L., Cotoneaster Ehrh., Crataegus L., Cydonia Mill., Euonymus L., Fagus L., Juglans L., Ligustrum L., Malus Mill., Populus L., Prunus L., Pyrus L., Ribes L., Rosa L., Salix L., Sorbus L., Syringa L., Tilia L., Ulmus L., Vitis L., може да се движат и пуштаат во промет ако не се заразени со Quadraspidiotus perniciosus Comst. Во спротивно фитосанитарниот инспектор за спречување на неговото ширење ќе одреди:

- уништување на сите силно заразени растенија во овоштарници и лозја и

- третирање на останатите растенија кои растат на нападнатото подрачје и кои се заразени или за нив постои сомневање дека се заразени.

**Член 6**

Ако при фитосанитарна инспекција при увоз на место на влез во Република Македонија се утврди дека пратката не ги исполнува пропишаните фитосанитарни барања, фитосанитарниот инспектор ќе ја задржи пратката и ќе одреди една од следните мерки:

- одбивање на внесување на пратката и враќање на испраќачот;

- пренасочување на пратката кон подрачјето на дестинација надвор од територијата на Република Македонија, ако се исполнети фитосанитарните барања на државата увозничка. Пренасочувањето се врши под надзор и согласно со царинските постапки;

- отстранување на заразениот дел од пратката;

- уништување на пратката;

- одредување на карантин како службено изолирање на пратката се додека не се познати резултатите од испитувањето од овластена лабораторија;

- исправка на неправилностите и недостатоците во поглед на потребните документи во определен временски рок;

- третирање на пратката, кое може да се одреди по исклучок, ако со него се обезбеди исполнување на условите за увоз на пратката и се спречи опасноста од ширење на штетни организми. Третирање може да се одреди и во случај на присуство на штетни организми кои не се наведени во Листата I дел А, Листата II дел А, Листата I дел Б и Листата II дел Б.

**Член 7**

Ако со фитосанитарна инспекција при движење во внатрешноста на Република Македонија се утврди дека пратката не ги исполнува пропишаните фитосанитарни барања, фитосанитарниот инспектор или службено лице со јавни овластувања според Законот за здравјето на растенијата, ќе ја задржи пратката и ќе одреди една од следните мерки:

- третирање на пратката ако со тоа се обезбедат услови за движење на пратката;

- дозволување на движење на пратката под службен надзор од фитосанитарен инспектор или службено лице со јавни овластувања до подрачјето ако пратката не предизвикува дополнителна опасност;

- дозволување на движење на пратката под службен надзор од фитосанитарен инспектор или службено лице со јавни овластувања до просториите за индустриска преработка;

- уништување на пратката.

## Член 8

Ако при фитосанитарна инспекција на производство или преработка се утврди дека растенијата, растителните производи и други објекти и предмети се заразени со штетни организми определени со Законот за здравјето на растенијата, фитосанитарниот инспектор ќе одреди една од следните мерки:

- третирање ако со него се обезбеди исполнување на пропишаните барања;

- отстранување на начин кој не претставува фитосанитарна опасност (индустриска преработка, користење за добиточна исхрана по извршено топлотно третирање, одлагање на локација одобрена од фитосанитарен инспектор и слично);

- уништување.

## Член 9

(1) Во просториите за сместување, складирање, преработка или чување на растенијата и во превозните средства со кои се превезуваат растенијата во кои е утврдено присуство на штетни организми, треба да се изврши дезинфекција, дезинсекција или дератизација заради нивно уништување.

(2) Мерките кои треба да се спроведат за дезинфекција, дезинсекција и дератизација на растенијата и растителните производи во просториите, превозните средства и други објекти и предмети има за цел уништување, дезинфекција, дезинсекција, стерилизација, чистење или друг третман во однос на:

- растенија, растителни производи или други предмети што ја сочинуваат пратката и преку која штетните организми биле внесени во територијата и може да се загадени или контаминирани;

- растенија, растителни производи и други објекти, признати како контаминирани или може да се загадени со штетни организми да се внесат, како и оние кои биле одгледувани со растенија во пратката или биле во непосредна близина на растенија, растителни производи или други објекти од ваквите пратки или растенија одгледувани од нив;

- подлога за одгледување (супстрат) и почва, признати како контаминирана или може да е загадена со штетни организми и

- материјал за производство, амбалажа, материјал за пакување и складирање, складирање или пакување во просториите и транспортни средства, кои биле во контакт со сите или дел од растенија, растителни производи и други објекти и предмети кои се загадени или контаминирани.

(3) По извршената дезинфекција, дезинсекција или дератизација објектите треба да бидат обележани со ленти и налепници кои се видливи и ги информираат луѓето за извршената мерка.

(4) При вршење дезинфекција, дезинсекција или дератизација лицата кои ја спроведуваат мерката заради лична безбедност треба да поседуваат соодветно заштитно одело – комбинизон, гумени ракавици, чизми и гас маска, а во случаи кога се задржуваат подолго време потребно е да носат со себе и боца со кислород.

## Член 10

(1)Растенија, растителни производи и други објекти и предмети за кои фитосанитарниот инспектор одредил уништување, се уништуваат со спалување, со употреба на производи за заштита на растенијата, со закопување или заорување или на друг начин кој оневозможува ширење на штетните организми и обезбедува штетните организми од остатоците да неможе да се шират.

(2) Со спалување се уништува посебно семе, дрвени растенија за садење ,дрво и амбалажата. Спалувањето се врши во направи за спалување или во посебни јами или на места каде нема опасност од ширење на пожарот во околината.

(3) Со употреба на производи за заштита на растенијата се уништуваат зељасти или лиснати растенија кои по уништувањето мора да се заораат или закопаат.

(4) Со закопување се уништуваат посебно коренасти и кртолести растенија, луковици, амбалажа и други растенија кои поинаку неможе да се уништат. Растенијата или амбалажата во јамата се закопуваат така да врз нив има најмалку 1 метар дебел пласт земја која мора да биде натапкана и израмнета со околниот терен. Јамата во која се закопани растенијата или амбалажата мора да биде доволно далеку од водени извори и токови за што оцена донесува фитосанитарниот инспектор водејќи сметка за степенот на опасност за пренесување на штетни организми што се оценува врз основа на расположливите научни, експертски и технички податоци во поглед на природата на штетниот организам и типот на тлото. Местото на закопување мора да биде видно означено и не е дозволено да се обработува најмалку три години.

(5) Со заорување или други механички начини се уништуваат посебно растенија кои не формираат репродуктивни органи и се размножуваат вегетативно.

(6) Начинот, местото и времето на уништување ги одредува фитосанитарниот инспектор.

### Член 11

(1) Сопствениците на растенијата, вршителите на третирањата и други лица кои ќе пронајдат или се сомневаат на штетни организми од член 4 од овој правилник, го известуваат фитосанитарниот инспектор и Фитосанитарната управа согласно Законот за здравјето на растенијата.

(2) Се додека трае опасноста заради откривање на штетен организам, фитосанитарниот инспектор ги информира сопствениците на заразеното подрачје за сите мерки за опасност од појава на симптоми за болести и штетни организми и за обврска за известување.

(3) Мерките од став (2) на овој член се однесуваат и за шумски растенија, шумски расадници и шумски дрва надвор од шумите.

(4) Фитосанитарниот инспектор писмено го известува Државен инспекторат за земјоделство и Фитосанитарната управа за мерките од членовите 6 и 7 од овој правилник во печатена или електронска форма, за задржана пратка со растенија, растителни производи и други објекти и предмети или за изолираните штетни организми од увоз, кои претставуваат опасност за внесување и ширење на штетни организми.

### Член 12

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-188/5 Министер
за земјоделство,

30 август 2010 година шумарство
и водостопанство,

Скопје Љупчо
Димовски, с.р.

| | | |
|---|---|---|
| Република Македонија<br>Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br>Државен инспекторат за земјоделство | Фитосанитарна инспекција<br><br>Тел. / фах | Број на записникот: |

# Записник за земање на примероци / мостри

| | | |
|---|---|---|
| 1. Странка :<br><br>Регистерски број:<br>□□□□□□ | Место:<br>Дата:<br>Час на започнување: ____________<br>Час на завршување: ____________<br><br>Место на производство: | 2. Лабораторија: |
| | Присутни: | |

**I. Место на земени примероци/мостри**

| | | |
|---|---|---|
| Вид на локација:<br>□ место на влез<br>□ производство на семенск материјал<br>□ производство земјоделски растенија<br>□ останати одгледувалишта | □ веда<br>□ преработка<br>□ складиште<br>□ дистрибутивен центар<br>□ продажно место<br>□ друго | Наслов(место на земање на примероци)<br>Адреса:<br>Катастарска општина и број:<br>Парцела<br>Единица на производство и /или опис на локација (детален опис на местото на производство во м) |

**II. Примероци/мостри**

| Ред ен број | Ботаничко име на растенијата, растителните производи | Сорта/ Подлога | Партија | Вид на материјал | Потекло | Возраст/ Старост | Вкупна количина/ површина | Опис на примерок (вид на пакување) | Број на единица на примерок |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

□ Кон записникот е приложен Образец за доставените примероци:

**III. Цел на тестирањето / детерминацијата**

□ се сомневам на: □ латентна состојба / инфекција □ друго

**IV. Опис на симптомот** (просторен распоред на растенијата, заразени делови на растенијата опис на симптоми на болеста, први забележани симптоми)

**V. Други податоци** ( просторен распоред на растенија, употреба на производи за заштита на растенијата , начин на снабдување со вода, предходна култура, сегашна и идна култура)

| | |
|---|---|
| **VI. Забелешка:**<br><br>Прегледот е направен по: □ Закон за инспекциски надзор □ Закон за државниот инспекторат за земјоделство<br>□ Закон за здравјето на растенијата □ Закон за семе и саден материјал | печат:<br><br>Фитосанитарен инспектор: |
| Странката се согласува да примероците / мостри се испратат на анализа во овластена лабораторија. Записникот важи и како потврда за земени примероци. Прочитан на присутните, коментари немаше или не, односно беше следното: | Потпис на присутниот: |

| ОБРАЗЕЦ НА ПОПИС НА ПРИМЕРОЦИ / МОСТРИ<br>Во прилогот се наведува целта на тестирањето/ детерминацијата , опис на симптомите и други податоци | Број на записникот: | Дата: |
|---|---|---|

☐ Државен инспекторат за земјоделство - Фитосанитарна инспекција

☐ Лабораторија:

| Ред. број | Ботаничко име на растенијата, растителните производи | Вид на материјал | Потекло | Возраст/ Старост | Опис на примерок (вид на пакување) | Број на единица на примерок | Цел на тестирање/ детерминацијата | Опис на симтомот | Други податоци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | | | ☐ Постои сомневање на:<br>☐ Латински назив: | | |
| 2. | | | | | | | ☐ Постои сомневање на:<br>☐ Латински назив: | | |
| 3. | | | | | | | ☐ Постои сомневање на:<br>☐ Латински назив: | | |
| 4. | | | | | | | ☐ Постои сомневање на:<br>☐ Латински назив: | | |
| 5. | | | | | | | ☐ Постои сомневање на:<br>☐ Латински назив: | | |

Печат

Потпис на фитосанитарен инспектор

Прилог 1

| | | |
|---|---|---|
| Република Македонија<br>Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br>Државен инспекторат за земјоделство | Фитосанитарна инспекција<br><br>Тел. / фах | Број на записникот: |

## Записник за земање на примероци од почва за анализа

| | | |
|---|---|---|
| 1. Странка :<br><br>Регистерски број: | Место:<br>Дата:<br>Час на започнување:______________________<br>Час на завршување:______________________<br>Место на производство:<br><br>Присутни: | 2. Лабораторија: |

**I. Место на земени примероци од почва за анализа**

| | | |
|---|---|---|
| Вид на локација:<br>□ место на влез / увезена пратка<br>□ производство на семенск материјал<br>□ производство земјоделски растенија<br>□ останати одгледувалишта/ оранжери / пластеници | □ вода<br>□ преработка<br>□ складиште<br>□ дистрибутивен центар<br>□ продажно место<br>□ друго | Наслов(место на земање на примероци)<br>Адреса:<br>Катастарска општина и број:<br>Парцела<br>Единица на производство и /или опис на локација (детален опис на местото на производство во м) |

**II. Податоци за примероци од почва**

| Ред ен број | Катастарска општина, парцела бр. (име на парцелата) | Површина | Ботаничко име на растенијата, растителните производи (вид култура, сорта) | Предходна култура | Следна култура | Потекло | Опис на примерок (вид на пакување) | Број на единица на примерок |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

□ Кон записникот е приложен Образец за доставените примероци:

**III. Цел на тестирањето / детерминацијата**

□ се сомневам на: □ латентна состојба / инфекција □ друго

**IV. Опис на симптомот** (опис на почвата, просторен распоред на растенијата, заразени делови на растенијата,опис на симптоми на болеста, први забележани симптоми)

**V. Други податоци** ( просторен распоред на растенија, употреба на производи за заштита на растенијата , начин на снабдувањесо вода, предходна култура, сегашна и идна култура)

**VI. Забелешка:**

Прегледот е направен по: □ Закон за инспекциски надзор □ Закон за државниот инспекторат за земјоделство
□ Закон за здравјето на растенијата □ Закон за семе и саден материјал

печат:

**Фитосанитарен инспектор:**

Странката се согласува да примероците / мостри се испратат на анализа во овластена лабораторија. Записникот важи и како потврда за земени примероци. Прочитан на присутните, коментари немаше или не, односно беше следното:

Потпис на присутниот:

| **ОБРАЗЕЦ НА ПОПИС НА ПРИМЕРОЦИ ОД ПОЧВА ЗА АНАЛИЗА**<br>Во прилогот се наведува целта на тестирањето/ детерминацијата , опис на симптомите и други податоци | Број на записникот: | Дата: |
|---|---|---|

☐ **Државен инспекторат за земјоделство - Фитосанитарна инспекција**

☐ **Лабораторија:**

| Ред Број | Катастарска општина, парцела бр. (име на парцелата) | Површина | Ботаничко име на растенијата, растителните производи (вид култура, сорта) | Потекло | Предходна култура | Опис на примерок (вид на пакување) | Број на единица на примерок | Цел на тестирање/ детерминацијата | Опис на симптомот | Други податоци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | | | | ☐ Постои сомневање на:<br>☐ Латински назив: | | |
| 2. | | | | | | | | ☐ Постои сомневање на:<br>☐ Латински назив: | | |
| 3. | | | | | | | | ☐ Постои сомневање на:<br>☐ Латински назив: | | |
| 4. | | | | | | | | ☐ Постои сомневање на:<br>☐ Латински назив: | | |
| 5. | | | | | | | | ☐ Постои сомневање на:<br>☐ Латински назив: | | |

Печат

Потпис на фитосанитарен инспектор

Прилог 1

| | | |
|---|---|---|
| Република Македонија<br>Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br>Државен инспекторат за земјоделство | Фитосанитарна инспекција<br><br>Тел. / фах | Број на записникот: |

## Записник за инспекциска контрола- надзор на маркетинг / пазарот

| | |
|---|---|
| Регистриран сопственик / Странка :<br><br>Регистерски број: | Место:<br>Дата:<br>Час на започнување: __________<br>Час на завршување:__________<br>Место на производство:<br><br>Присутни: |

| | | |
|---|---|---|
| Вид на локација:<br>□ место на влез<br>□производство на семенски материјал<br>□ производство на земјоделски растенија<br>□ останати одгледувалишта | □ вода<br>□ преработка<br>□складиште<br>□ дистрибутивен центар<br>□ продажно место<br>□ шума<br>□ друго | Наслов (место на земање на примероци)<br>Адреса:<br><br>Катастарска општина и број:<br>Парцела<br><br>Единица на производство и /или опис на локација (детален опис на местото на производство во м) |

## Наоди

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | ОЗНАЧУВАЊЕ | □ соодветно<br>□ несоодветно<br>□ не е прегледано | забелешка: |
| 2. | ЕВИДЕНЦИЈА | □ соодветно<br>□ несоодветно<br>□ не е прегледано | забелешка: |
| 3. | ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА НА РАСТЕНИЈАТА | □ соодветно<br>□ несоодветно<br>□ примерок број:<br>□ не е прегледано | забелешка: |
| | □ Посебен надзор: | | |
| | Прегледани растенија или производи( вид, категорија, количина): | | |
| 4. | КВАЛИТЕТ НА СЕМЕНСКИ / САДЕН МАТЕРИЈАЛ | □ соодветно<br>□ несоодветно<br>□ примерок број:<br>□ не е прегледано | забелешка: |
| 5. | ЧИСТОТА НА СОРТА/ВИД | □ соодветно<br>□ несоодветно<br>□ примерок број:<br>□ не е прегледано | забелешка: |

| | |
|---|---|
| Забелешка:<br><br>Прегледот е направен по: □ Закон за инспекциски надзор □ Закон за државниот инспекторат за земјоделство □ Закон за здравјето на растенијата □ Закон за семе и саден материјал | печат:<br><br>Фитосанитарен инспектор: |
| Прочитан е на присутните, коментари немаше или не, односно беше следното: | Потпис на присутниот: |

Прилог 1

| | | |
|---|---|---|
| Република Македонија<br>Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br>Државен инспекторат за земјоделство | Фитосанитарна инспекција<br><br>Тел. / фах | Број на записникот: |

## Записник за преглед кај регистриран сопственик / дистрибутер

| | |
|---|---|
| 1. Регистриран сопственик / Странка :<br>(Сопственик/Дистрибутер)<br><br>Регистерски број: | Место: ____________________<br>Дата:______________________<br>Час на започнување: ________________<br>Час на завршување: |
| | Место на производство: |
| | Присутни: |

Дејност: □ производител □ преработувач □ трговец/дистрибутер □ увозник

## Наоди

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Пријава на производство | □ соодветно<br>□ несоодветно<br>□ не е прегледано | забелешка: |
| 2. | План-начинот на производство | □ соодветно<br>□ несоодветно<br>□ не е прегледано | забелешка: |
| 3. | ЕВИДЕНЦИЈА | □ соодветно<br>□ несоодветно<br>□ не е прегледано | забелешка: |
| 4. | Останати обврски на Сопственик/Дистрибутер | □ соодветно<br>□ несоодветно<br>□ не е прегледано | забелешка: |
| 5. | Издавање на пасоши за растенија и службени етикети / придружни документи | □ соодветно<br>□ несоодветно<br>□ не е прегледано | забелешка: |
| 6. | Здравствена состојба на растенијата | □ соодветно<br>□ несоодветно<br>□ примерок број:<br>□ не е прегледано | забелешка: |
| | □ Посебен надзор: | | |
| | Прегледани производни единици: | | |
| | Прегледани растенија или производи( вид, категорија, количина): | | |
| 7. | Квалитет на семенски/ саден материјал | □ соодветно<br>□ несоодветно<br>□ примерок број:<br>□ не е прегледано | забелешка: |
| 8. | Чистота на сорта/вид | □ соодветно<br>□ несоодветно<br>□ примерок број:<br>□ не е прегледано | забелешка: |

| | |
|---|---|
| Забелешка:<br><br>Прегледот е направен по: □ Закон за инспекциски надзор □ Закон за државниот инспекторат за земјоделство □ Закон за здравјето на растенијата □ Закон за семе и саден материјал | печат:<br><br>Фитосанитарен инспектор: |
| Прочитан е на присутните, коментари немаше или не, односно беше следното: | Потпис на присутниот: |

Прилог 1

| | | |
|---|---|---|
| Република Македонија<br>Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br>Државен инспекторат за земјоделство | Фитосанитарна инспекција<br><br>Тел. / фах | Број на записникот: |

**Записник**

| | | |
|---|---|---|
| Регистриран сопственик / Странка :<br><br>Регистерски број: | Место:<br>Дата:<br>Час на започнување: ___________<br>Час на завршување: ___________<br>Место на производство:<br>Присутни: | Прегледот направен:<br>□ по службена должност<br>□ на барање на сопственик/странка |

| | | |
|---|---|---|
| Вид на локација:<br>□ место на влез<br>□ производство на семенск материјал<br>□ производство земјоделски растенија<br>□ останати одгледувалишта | □ овоштарник<br>□ преработка<br>□ складиште<br>□ дистрибутивен центар<br>□ продажно место<br>□ шума<br>□ друго | Наслов (место на земање на примероци)<br>Адреса:<br>Катастарска општина и број:<br>Парцела<br>Единица на производство и /или опис на локација (детален опис на местото на производство во м) |

Се однесува на:

Напомена:

Кон записникот е приложен прилогот:
□ Детални податоци во записникот за прегледот на здравствената состојба / квалитетот на семенски / саден материјал
□ Детални податоци во записникот за прегледот на документи □ Друго

| | |
|---|---|
| Забелешка:<br><br>Прегледот е направен по: □ Закон за инспекциски надзор □ Закон за државниот инспекторат за земјоделство □ Закон за здравјето на растенијата □ Закон за семе и саден материјал | печат:<br><br>Фитосанитарен инспектор: |
| Прочитан е на присутните: коментари немаше или не, односно беше следното: | Потпис на присутниот: |

| ПОДЕТАЛНИ ПОДАТОЦИ КОН ЗАПИСНИКОТ ЗА ПРЕГЛЕД КАЈ РЕГИСТРИРАН СОПСТВЕНИК ЗА ПРЕГЛЕДОТ НА СЛУЖБЕНИТЕ ЕТИКЕТИ - ДОКУМЕНТИ | Број на записникот: | Дата: |
|---|---|---|

| Ред. бр. | Вид на службена етикета (ПЗР. ДС, РП, ЗП) | Рег. Бр. на снабдувач | Снабдувач (име, адреса) | Држава на потекло | Име и држава на одговорна институција (пзр. сл. етикета) | Растенија, растителни производи (род, вид, сорта) | Вид на саден материјал (СА, СЕ) | Категорија на саден материјал (САС, СЕРТ) | Количина и единици | Ознака на партија/ серија | Број и дата на сметка, доставница, товарен лист или др. | Причина за неправилноста |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | | | | | | | | |
| 2. | | | | | | | | | | | | |
| 3. | | | | | | | | | | | | |
| 4. | | | | | | | | | | | | |
| 5. | | | | | | | | | | | | |
| 6. | | | | | | | | | | | | |
| 7. | | | | | | | | | | | | |
| 8. | | | | | | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | | | | | | |
| 10. | | | | | | | | | | | | |

Потпис на лицето　　　　Печат　　　　Потпис на фитосанитарен инспектор